Бесплатен примерок

јули, 2018

# Скопје
гласило




**5 стр.**
Ново претпријатие за енергетика

**9 стр.**
Воведен ред на Бит-пазар

**16-17 стр.**
Спектакл во Градскиот парк

**19 стр.**
100 стипендии за спортисти- средношколци

# СКОПЈЕ ГЛАСИЛО

## - СОДРЖИНА -

Зелено Скопје-За шест месеци засадени 4.000 дрвја....3
Уредени 40.000 квадратни метри зеленило....3
Дрво на човековите права засадено на место на Ќосето....4
Ќе се засади дрво за секое новороденче....4
„Градски енергетски системи АД Скопје“ е ново претпријатие на Град....5
Се обучуваат нови оџачари, бесплатно ќе бидат исчистени 100 оџаци....5
Во две акции доделени 408 субвенции за купување печки на пелети....5
Дрисла повеќе нема да го загадува воздухот....6
Пријавете оган на отворено на 193....6
Пријавете дива депонија, сите заедно за почисто Скопје....6
За да се заштити Водно од загадување-Зонско паркирање на средно Водно и кај „Свети Пантелејмон“....7
Трајна забрана за запирање возила за доставување на стока....7
Автобуската линија со број 50 се врати во ГТЦ....7
Град Скопје и ЈСП набавуваат нови екоавтобуси на гас....8
Субвенции за велосипеди добија 3.133 граѓани....8
Воведен ред на Бит-пазар и тротоарот е ослободен за пешачите и велосипедистите....9
Продолжува реконструкцијата на велосипедските патеки....9
Нов мост на Вардар ќе го поврзе Аеродром со Ќерамидница....10
Над 1.800 столпчиња на тротоарите во Скопје....10
Наместо за граѓаните, водата поскапе за комплексот „Железара“....11
Се гради колекторскиот систем за пречистителна станица....11
Убавините на Скопје- Кањон Матка....12-13
Скопје и Атина потпишаа договор за соработка....14
Многубројни активности на полето на меѓународната соработка....14
Посетете го Меморијалниот музеј на илегалните работилници за изработка на оружје од НОВ....15
Град Скопје и ЕВН заедно за туристичка промоција на Матка....15
Спомен-куќа и музеј на француските воени гробишта....15
Queen Real Tribute и Феми Кути го разиграа Градскиот парк....16-17
Успех на Cinedays....17
Скопско лето 2018....17
Баскерфест 2018....17
Се реконструираат средните училишта на Град Скопје....18
Голем интерес на средношколците за студиските програми на факултетите....18
Стипендии за 100 спортисти-средношколци....19
Ова се победниците на средноучилишните лиги на Град Скопје за учебната 2017/2018 година....19
Финале на Националниот МОС натпревар....19
Буџет по мерка на граѓаните....20
Ново возило за заловување на бездомните кучиња....20
Два приемни дена за граѓаните во даночните одделенија....20
Укинато е бесплатното паркирање на вработените во Град Скопје....21
Парите од новогодишната прослава пренаменети за донација....21
СМС за статусот на предметот на даночните обврзници....21
Македонија и Скопје домаќини на ЕП во ракомет-жени....22
Над 10.000 учесници на Скопскиот маратон 2018....22
Совет на Град Скопје....23
Градски информатор....23



## *Драги читатели, Почитувани сограѓани,*

Го отвораме градот за сите работејќи на подигнување на квалитетот на информациите за работата на градската администрација и градот.

Во овој број на информативното гласило „Скопје“ се погриживме да Ви претставиме целосни, детални и прецизни информации за активностите за кои покажавте најголем интерес во изминатите неколку месеци. Најмногу страници одвоивме на активностите поврзани со подигнувањето на квалитетот на воздухот и заштитата на животната средина за кои вие граѓаните оправдано покажавте најголема загриженост. Се погриживме покрај информациите за инфраструктурните проекти, до вас да стигнат и информации за нашите активности од областа на културата, спортот и образованието.

Свесни сме за значењето на зеленилото во борбата против загадувањето во Скопје. Наша цел е преку интензивно озеленување да го надоместиме изгубеното зеленило и да го дополниме на повеќе локации на различни делови од градот. Градот Скопје до крајот на годинава ќе засади 10.000 нови висококвалитетни листопадни, како и над 2.000 зимзелени садници. Пролетва засадивме 4.000 дрвја, а наесен ќе продолжиме со уште 8.000 нови.

Во таа насока започнавме постапка за набавка на 40-ина еко автобуси на гас, кои се економски поисплатливи и енергетски ефикасни, трошат речиси двојно помалку гориво, а емитуваат значително помалку $CO_2$, ПМ10 и речиси воопшто не го загадуваат воздухот. Основавме ново акционерски друштво „Градски Енергетски Системи АД Скопје“ кое ќе врши снабдување на природен гас и топлинска енергија за подрачјето на Град Скопје. Со ова се создаваат услови за преземање на топловодната мрежа и започнува да се имплементира процесот на гасификација на градот. Граѓаните на Скопје во претстојната грејна сезона ќе можат да почнат да ги користат услугите на новото акционерско друштво.

Го најдовме оптималното решение за зачувување на планината Водно, иницираме поставување филтер на печката за медицински отпад во Дрисла, со што целосно ја елиминиравме депонијата како загадувач на воздухот во Скопје, ги ослободивме тротоарите и велосипедските патеки за пешаците и велосипедистите од паркираните возила и ја одбранивме цената на водата за скопјани.

Работиме и на подобрувањето на хигиената, го вративме во функција рециклажниот центар на ЈП „Комунална хигиена“, што веќе подолго време не функционираше. Спремни сме да се соочиме со предизвиците на патот кој води до почисто Скопје, но чекор по чекор одговараме на задачите Скопје да биде чист град, по примерот на европските метрополи.

Работиме и на развивање на инфраструктурата и на сообраќајни решенија за северниот дел на градот и на тој начин да ги подобриме условите за живот и во тој дел, и во јужниот дел, односно насекаде низ градот. Со изградбата на нови сообраќајници на просторот меѓу Бардовци, Злокуќани и Зајчев Рид ќе се добијат основни предуслови за урбанизација и побрзо развивање на овој дел на градот, што пак ќе помогне да се растовари сообраќајниот метеж и урбанистичкиот притисок во другите делови.

Поставивме високи стандарди, кои веруваме дека ќе ги постигнеме, бидејќи нашите сограѓани заслужуваат модерен град во кој достоинствено ќе живеат. Работиме посветено на креирање на новата приказна за Скопје, да создадеме град со автентичен лик, по кој ќе биде препознатлив во Европа и во светот.

Драги читатели, пред вас е новото издание на информативното гласило „Скопје“, со нов концепт, кој ги прави подостапни до вас информациите за активностите на Градот. Читајте го информативното гласило и запознајте се со случувањата во градот.



e-mail
gradonacalnik@skopje.gov.mk

Facebook
Петре Шилегов

Instagram
@petreshilegov

# ЗЕЛЕНО СКОПЈЕ – ЗА ШЕСТ МЕСЕЦИ ЗАСАДЕНИ 4.000 ДРВЈА

За да се обнови зеленилото во градот и да се придонесе за почиста и поздрава животна средина екипи на Град Скопје во последните шест месеци засадија 4.000 висококвалитетни листопадни садници на јавните зелени површини, во дрворедите и во парковите.
Зазеленувањето останува врвен приоритет на Град Скопје, а оваа есен се планира да се засадат уште нови 8.000 висококвалитетни садници.
Во акцијата за зазеленување на Скопје нови дрвца беа засадени на повеќе локации, меѓу кои во дрворедот и средишната жардиниера на булеварот 8.Септември; во дворот на Центарот за рехабилитација во Капиштец; кај Камениот мост; по должината на улицата Македонска војска, во општина Ѓорче Петров; во паркот во Чаир; пред објектот на Македонска пошта во центарот на градот; во Реонски центар Аеродром; на булеварот Видое Смилевски Бато и во Градскиот парк.





- Земавме обврска пред граѓаните да го вратиме загубеното зеленило кое претходната власт го уништуваше каде што ќе стигне, додека ние се бориме за секој сантиметар слободен простор за ново зеленило. Влогот во здрава животна средина е трајна придобивка која непосредно влијае врз здравјето на сите сегашни и идни генерации – нагласува градоначалникот Шилегов.

## УРЕДЕНИ 40.000 КВАДРАТНИ МЕТРИ ЗЕЛЕНИЛО

Екипите на Град Скопје и на ЈП „Паркови и зеленило“ во текот на пролетните активности за зазеленување на градот реконструираа и подигнаа повеќе јавни зелени површини на околу 40.000 квадратни метри.
Реконструираните и новоподигнати зелени површини се наоѓаат на булеварот Видое Смилевски Бато, во близина на „Рамстор“; на улицата Втора македонска бригада, на потегот од раскрсницата со улицата Кемал Сејфула до кружниот тек; на улицата Македонско-косовска бригада; на булеварот Христијан Тодоровски Карпош; на булеварот Србија, на потегот од сервис „Скендеровски“ до улицата Христо Татарчев; на булеварот Борис Трајковски и улицата Народни херои; на улицата Самоилова, на просторот околу Музејот на современа уметност; на улицата Лазар Поп Трајков во близина на културниот дом во населбата Автокоманда; на булевар 8.Септември - потег од раскрсница со булевар Илинден до бензинската на „Макпетрол“, на улица Боца Иванова од кружниот тек до објектот на ЈП „Водовод и канализација“ и во Градскиот парк на две локации - наспроти хотелот „Канет“ и езерцето кај стадионот и површината пред фонтаната „Лотосов цвет“ и влезот во паркот.



Во тек е обновата на нови 10.200 квадрати зелени површини на повеќе локации: на улица Лазар Личеновски; кај МКЦ на булеварот Крсте Мисирков; над надвозникот за Црниче до ОУ „Браќа Рибар“, на булеварот Свети Климент Охридски и на булеварот Кузман Јосифовски Питу. На сите овие зелени површини се поставува нова хидрантска мрежа и системи за полевање капка по капка или прскалки.

# ДРВО НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ЗАСАДЕНО НА МЕСТОТО НА ЌОСЕТО





По отстранувањето на бесправно поставениот споменик на Андон Лазов Јанев – Ќосето, во зеленилото пред Судската палата во мај годинава беше засадено дрво од видот гинко, симбол на човековите права. Покрај дрвото е поставена изгравирана плоча која потсетува на правото на праведно и јавно судење на секој граѓанин пред независен и непристрасен суд, што е изразено во Универзалната декларација за човекови права на Обединетите нации.

Плочата којашто е донација од збратимениот град Нирнберг упатува порака дека во судот правдата се дели непристрасно. Судството ќе биде независно и ослободено од политичка контрола. Еднаквоста на граѓаните пред законот е гарантирана. Со овој потег Градот ја избира симболиката на законитоста пред нелегалноста, правдата пред партиската послушност, животот пред бронзата и бетонот – рече градоначалникот Шилегов, по засадувањето на дрвото.

Споменикот на Андон Лазов Јанев – Ќосето беше отстранет на 22 февруари годинава, по донесеното Решение за негово отстранување од овластениот градежен инспекторат во Општина Центар и согласно со предложените мерки во елаборатот на Работната група за изработка на анализа за реализацијата и последиците од таканаречениот „Проект Скопје 2014", формирана од Министерството за култура на Република Македонија.

Во Скопје нема да се толерира незаконитоста и недозволеното постапување. Почнува справувањето со проектот „Скопје 2014". Сите досегашни самоволни активности на претходните власти во градот ќе бидат соодветно законски третирани – изјави градоначалникот Шилегов, по отстранувањето на споменикот на Ќосето.

Пред Судската палата до засаденото дрво посветено на човековите права на изгравираната плочка е испишан текстот од членот 10 од Декларацијата за човекови права на Обединетите нации во кој стои „Секој има потполно еднакво право на праведно и јавно судење пред независен и непристрасен суд, при одредувањето на неговите права и обврски и во услови на какво и да е кривично обвинение против него".

## ЌЕ СЕ ЗАСАДИ ДРВО ЗА СЕКОЕ НОВОРОДЕНЧЕ

Со проектот „Дрво за секое дете" граѓаните ќе имаат можност да засадат дрво во некој од градските дрвореди, паркови или скверови во чест на раѓањето на нивното бебе. На дрвото ќе има плочка каде што ќе го пишува името на детето и датумот на раѓање.

Низ годините, секој што засадил дрво ќе може да го следи растот на дрвото заедно со неговото дете – вели градоначалникот Шилегов.

За да се реализира овој проект на 2 април годинава меморандум за соработка потпишаа Град Скопје и ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство, ЈЗУ Специјална болница по гинекологија и акушерство - Чаир, Ре-Медика и Аџибадем Систина. По напуштање на гинеколошката клиника, родителите треба да го пријават добиениот код на телефонскиот број 071/395-395 каде што потоа ќе ги добијат дополнителните информации за овој проект. Дрвјата за новороденчињата ќе бидат засадени во сезонска акција на расположлива локација по избор на родителите.

# „ГРАДСКИ ЕНЕРГЕТСКИ СИСТЕМИ АД СКОПЈЕ“ Е НОВО ПРЕТПРИЈАТИЕ НА ГРАДОТ

Град Скопје по 30 години ја презема контролата врз топловодната мрежа. На седницата одржана на 20.06.2018 година со одлука на Советот на Град Скопје се основа ново претпријатие „Градски енергетски системи АД Скопје“ кое ќе врши снабдување на природен гас и топлинска енергија за подрачјето на Град Скопје, како и дејности од јавен интерес од локално значење. Оваа одлука беше донесена едногласно.

Друштвото заради вршење на дејностите за снабдување со природен гас и топлинска енергија ќе основа едно или повеќе трговски друштва на начин и во форма потребна за вршењето на дејностите во согласност со Закон.

Управувањето на Друштвото се организира според двостепениот систем на управување, преку управен и надзорен одбор. Работите од надлежност на Собранието на Друштвото ќе ги врши Советот на Град Скопје, како единствен основач, а со Друштвото ќе управува Управниот одбор во рамките на овластувањата определени со Законот за трговски друштва, Статутот и овластувањата што му се дадени од Советот на Град Скопје.

Со ова се создаваат услови за преземање на топловодната мрежа и започнува да се имплементира процесот на гасификација на градот, а со тоа сериозно ќе се влијае во борбата против аерозагадувањето.

Градот очекува следната грејна сезона поголем број од исклучените 14.000 корисници од топловодната мрежа, коишто директно или индиректно учествуваат во загадувањето на воздухот, да се приклучат и да ги користат услугите на новото претпријатие.

# СЕ ОБУЧУВААТ НОВИ ОЏАЧАРИ, БЕСПЛАТНО ЌЕ БИДАТ ИСЧИСТЕНИ 100 ОЏАЦИ

Во средното училиште ГУЦ „Здравко Цветковски“ во тек е обуката за оџачари што ја организира Градот Скопје во соработка со Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување на Република Македонија. За времетраењето на обуката, бесплатно ќе бидат исчистени 100 оџаци, на граѓаните што се пријавија на повикот на Град Скопје.

- Градот Скопје побара сојузници во борбата против загадувањето. Обуката за оџачари ќе трае три месеци, а за времетраењето на обуката секој учесник ќе добива надомест од по 9.000 денари месечно. По завршувањето, секој од кандидатите, покрај сертификат, ќе добие основни материјали за отворање сопствен бизнис и извесно вработување имајќи предвид дека чистењето на оџаците ќе биде субвенционирано од Градот. Годинава со ребалансот на буџетот предвидуваме средства за субвенции за чистење на оџаците кои ќе се реализираат по успешно спроведената обука на новите оџачари, при што очекуваме голем број оџаци во Скопје да бидат исчистени до почетокот на идната грејна сезона – вели градоначалникот Шилегов.

За потсетување, во Скопје има само 8 регистрирани оџачари, а 45% од вкупниот број домаќинства во Скопје се греат на дрва, што е една третина од уделот во вкупното загадување на воздухот во градот, а општо е познато дека неисчистен оџак загадува најмалку двојно повеќе во споредба со исчистен оџак.




Овој чекор не го решава во целост проблемот со аерозагадувањето, но Градот Скопје интензивно работи преку целата година за причинителите на загадувањето еден по еден да се елиминираат на долг рок. За таа цел е објавен и втор повик за обука на оџачари, кој траеше до 23.07.2018 година.

# ВО ДВЕ АКЦИИ ДОДЕЛЕНИ 408 СУБВЕНЦИИ ЗА КУПУВАЊЕ ПЕЧКИ НА ПЕЛЕТИ

Градот Скопје додели 408 субвенции на граѓаните за набавка на печки на пелети, во рамките на две акции, во текот на ноември 2017 година и во текот на мај 2018 година. Граѓаните што купија печки на пелети добија можност да им се надомести дел од трошоците за набавка на печката во висина од 70%, но не повеќе од 30.000 денари со вклучен персонален данок на доход по домаќинство. Градот Скопје го презема овој чекор за да се унапреди квалитетот на воздухот и да се намали загадувањето на воздухот, особено од партикуларните честички од затоплувањето на домовите што не се приклучени на централното греење.

# ДРИСЛА ПОВЕЌЕ НЕМА ДА ГО ЗАГАДУВА ВОЗДУХОТ

Градоначалникот Шилегов на 25 април годинава на депонијата „Дрисла" организираше отворен ден за новинарите и за активистите од еколошките организации, а беше пуштен во употреба и новиот филтер на печката за согорување медицински отпад.
„Дрисла" повеќе нема да го загадува воздухот. Од идната сезона,„Дрисла" нема да биде фактор за загадувањето на воздухот, особено во населбите околу мерната станица во Лисиче. Во функција е новиот филтер кој е поставен на инсенераторот за согорување медицински отпад и тој ги апсорбира ПМ10 честичките, јаглеродмоноксидот и другите честици што се ослободуваат при согорувањето. Поставувањето на филтерот е во согласност со препораките на Државниот инспекторат за животна средина - истакна Шилегов.
Тој нагласи дека филтерот ќе се користи се до поставување нова печка. Постојната печка, додаде Шилегов, беше надвор од функција неколку месеци, по контролата на Државниот инспекторат кој дојде до заклучок дека не ги исполнува критериумите за дејноста што ја врши, а која како таква беше оставена со години во функција од претходната власт.
Пред пуштањето во употреба, беа извршени тестирања на работата на филтерот, кои покажаа дека просечното количеството за издувните гасови јаглеродмоноксид, азотните оксиди, сулфурните оксиди и ПМ10 честичките не ги надминуваат пропишаните гранични вредности.
- Дополнително, горивото на кое работи печката, нафтата, е заменето со гас. Како што ветивме, работиме на



долгорочни решенија за решавање на проблемот со загадувањето на воздухот во Скопје во зимскиот период – нагласи Шилегов.
Депонијата „Дрисла" поседува А-интегрирана еколошка дозвола и е единствената депонија во земјава која собраниот комунален отпад го депонира согласно со европските стандарди.




# ПРИЈАВЕТЕ ОГАН НА ОТВОРЕНО НА 193

На телефонската линија 193 граѓаните деноноќно може да пријавуваат огнови што горат на отворено и придонесуваат за загадување на воздухот.
- Палењето огнови на отворено е законски забрането. Најчесто, тоа е последица на несовесноста на одредени граѓани, но тоа често е и единствен начин за затоплување во студените зимски денови на нашите сограѓани кои немаат соодветно сместување. Затоа, подадовме рака на сите наши сограѓани. Сите заедно можеме да го спречиме палењето огнови на отворено и да им помогнеме на оние на кои помошта им е најпотребна – вели градоначалникот Шилегов.
Во текот на изминатата зима, кога загадувањето на воздухот беше најизразено, Градот Скопје во соработка со Министерството за труд и социјална политика, Министерството за внатрешни работи, Територијалната единица за противпожарна заштита, Црвениот крст и Здружението на граѓани „Љубезност" организираше и мешани тимови кои работеа секој ден, 24 часа, за борба против огновите на отворено.

## ПРИЈАВЕТЕ ДИВА ДЕПОНИЈА, СИТЕ ЗАЕДНО ЗА ПОЧИСТО СКОПЈЕ

Сите совесни граѓани можат да пријавуваат диви депонии до Град Скопје со испраќање фотографија и локација на депонијата преку вибер, на бројот 070 270 557, или со порака на официјалната фејсбук страница на Град Скопје. По евидентирањето на дивата депонија, на терен излегуваат екипи на Град Скопје и го расчистуваат отпадот.

# ЗА ДА СЕ ЗАШТИТИ ВОДНО ОД ЗАГАДУВАЊЕ - ЗОНСКО ПАРКИРАЊЕ НА СРЕДНО ВОДНО И КАЈ „СВЕТИ ПАНТЕЛЕЈМОН“



За да се заштити планината Водно од загадување и за да се овозможи непречено и безбедно движење на сите учесници во сообраќајот, а особено на пешаците и на велосипедистите, Градот Скопје и ЈП „Градски паркинг“ воведоа зонско паркирање на паркиралиштата на Средно Водно и кај манастирот „Свети Пантелејмон“ во Нерези.

Паркирањето на овие две паркинг зони, А0 и А02, се наплаќа за време на државните празници и за викендите од 9 до 16 часот. Цената за првиот час паркирање изнесува 100 денари, а секој нареден час – 50 денари. СМС пораките за паркирање може да се испратат на бројот 144 144 од сите мобилни оператори во Република Македонија. На паркиралиштата е поставена соодветна хоризонтална и вертикална сигнализација, како и информативни табли. Паркирањето е бесплатно за хендикепираните лица, како и за туристичките автобуси, а непрописното паркирање ќе се санкционира.

### ПАРИТЕ ОД НАПЛАТАТА НА ПАРКИРАЊЕТО ЌЕ БИДАТ НАМЕНЕТИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ПАРК-ШУМАТА „ВОДНО“

За да им излезе во пресрет на граѓаните што сакаат да се рекреираат на Водно Градот Скопје воведе две нови автобуски линии - автобусот со број 25А тргнува од пред катната гаража на улицата Свети Кирил и Методиј, а автобусот со број 25Б - од паркингот кај Цветниот пазар (Дом на печат). Овие две автобуски линии до Средно Водно, како и линијата со број 28 до Нерези, се бесплатни за време на викендите и државните празници.

Како дел од заложбите да се најде најповолно решение за заштита на планината Водно, но и да се овозможи безбедно рекреирање на пешаците и на велосипедистите во деновите кога Водно е најпосетено, Градот Скопје минатата зима воведе пробна забрана за движење возила на патот до Средно Водно. Забраната важеше секој викенд и за време на државните празници. Во текот на тој пробен период, покрај тоа што автобусите 25А и 25Б до Средно Водно беа бесплатни, бесплатно беше и паркирањето во катната гаража на улицата Свети Кирил и Методиј и на паркингот кај Цветен пазар (Дом на печат).

### ТРАЈНА ЗАБРАНА ЗА ЗАПИРАЊЕ ВОЗИЛА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ СТОКА

Како една од мерките за намалување на загадувањето на воздухот во градот, Советот на Град Скопје на седницата одржана на 19.03.2018 година ја усвои Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за организирање и дефинирање на условите за доставување стока на подрачјето на град Скопје. Со оваа одлука, трајно се забранува запирање на возилата за доставување стока во централното градско подрачје во периодот од 7:30 до 18 часот.

# АВТОБУСКАТА ЛИНИЈА СО БРОЈ 50 СЕ ВРАТИ ВО ГТЦ



Автобусот со број 50 од февруари годинава повторно застанува на автобуската постојка во ГТЦ.

- 50-ка ја вративме на местото каде што традиционално припаѓа. Го враќаме стариот дух на Градскиот трговски центар со намера да го заживееме онаков како што го знаеме од времето кога Скопје беше полно со радост - вели градоначалникот Шилегов.

Градскиот трговски центар во изминатиот период ги почувствува последиците од затворањето на оваа постојка, имајќи предвид дека тоа влијаеше врз фреквентноста на луѓето во објектот. Намалувањето на движењето на луѓето се рефлектираше на прометот на трговците, особено на долниот кат на трговскиот центар. Многу од трговците набргу потоа ги затворија своите дуќани. Сега, ова е можност тие повторно да заживеат.

Препознатливиот лик на Градскиот трговски центар им припаѓа на скопјани, а наша обврска е да им овозможиме на нашите сограѓани да уживаат во она што им припаѓа. Автентичноста на ова здание ќе ја облагородиме со зелен покрив што ќе даде нова димензија на објектот како дел од нашата визија за зелено Скопје. Го чуваме ГТЦ, гордо и достоинствено, со љубов и посветеност - нагласува Шилегов.

# ГРАД СКОПЈЕ И ЈСП НАБАВУВААТ НОВИ ЕКОАВТОБУСИ НА ГАС

Од идната година на скопските улици ќе возат најмалку 30 нови автобуси на еколошко гориво и ќе ги заменат старите дотраени дизел возила на ЈСП без клима и дополнителна опрема. Овие автобуси ќе бидат обезбедени преку задолжување на ЈСП кон меѓународна кредитна институција во износ од 10 милиони евра.

Автобусите ќе бидат нископодни, две третини од нив ќе бидат зглобни, а една третина единечни. Набавката на овие автобуси значително ќе го подобри функционирањето на ЈСП и ќе ги намали трошоците на неговото работење, бидејќи 202 автобуси, што беа набавени пред 7 години се со лош квалитет, истите често се расипани, а во случајот со кинеските автобуси, поради непостоење на овластен застапник не постои можност за нивна поправка.

Во текот на претходните неколку месеци низ Скопје пробно сообраќаа три автобуси на гас и еден електричен автобус што овозможи да се направи проценка кој тип автобус е најсоодветен за сообраќајот во градот. По анализите, се покажа дека автобусите на гас се поекономски исплатливи и енергетски ефикасни. Споредено со потрошувачката на старите дизел-автобуси, овие автобуси трошат речиси двојно помалку гориво, што дополнително ќе ги намали трошоците на ЈСП. Најголемата предност е тоа што емитуваат значително помалку CO2 и речиси воопшто не го загадуваат воздухот.



Електричен автобус пробно сообраќа на линијата со број 15, од Ново Лисиче до Карпош 4.



Оваа пролет пробно сообраќаа и три екоавтобуси на гас, на линиите со број 5 и 2.

Решавањето на деценискиот проблем со јавниот превоз во Скопје е дел од листата на приоритети на Градот Скопје, кој заслужува автобуски превоз што нема да загадува, ќе биде енергетски ефикасен и во целост ќе излезе во пресрет на потребите на граѓаните коишто го користат.

Во трансформацијата на јавниот превоз ќе бидат вклучени и приватните превозници, предвидени се субвенции за набавка на нови еколошки автобуси, како и за адаптација на истите на еколошки гас.

# СУБВЕНЦИИ ЗА ВЕЛОСИПЕДИ ДОБИЈА 3.133 ГРАЃАНИ

Градот Скопје додели 3.133 субвенции за купување велосипед на граѓаните што купија нов велосипед и се пријавија на јавниот повик што беше распишан на 21.04.2018 година.

Со Јавниот повик за надоместување на дел од трошоците на граѓаните на подрачјето на градот Скопје за купување велосипед за 2018 година, граѓаните кои купија велосипед добија субвенција во износ од 50% од вредноста на велосипедот, но не повеќе од 3.000 денари по лице, со вклучен персонален данок на доход. За оваа намена во Буџетот на Град Скопје за 2018 година беа предвидени 9 милиони денари.

Значајно е да се нагласи дека вториот дел од овој јавен повик кој е наменет за субвенции за адаптирани велосипеди за лица со телесна инвалидност е се уште во тек, односно ќе трае до 31.08.2018 година или до исцрпување на средствата. Градот Скопје ќе субвенционира 50% од вредноста на адаптираниот велосипед, но не повеќе од 90.000 денари по лице, со вклучен персонален данок на доход. За оваа намена од Буџетот на Град Скопје се предвидени милион денари.

Субвенционирањето на граѓаните за набавка на велосипеди е една од мерките на Градот Скопје за промоција на велосипедот како превозно средство кое е еколошко, финансиски достапно и економски исплатливо, придонесува за намалување на сообраќајниот метеж, како и за намалување на загаденоста на амбиентниот воздух.



# ВОВЕДЕН РЕД НА БИТ-ПАЗАР И ТРОТОАРОТ Е ОСЛОБОДЕН ЗА ПЕШАЦИТЕ И ВЕЛОСИПЕДИСТИТЕ

Екипи на Град Скопје и на општина Чаир со поддршка на Еснафот на Старата скопска чаршија и Комората на трговци на Република Македонија оваа пролет ги ослободија улиците и тротоарите околу Бит-пазар од сите препреки што го оневозможуваа нормалното одвивање на сообраќајот во кој учествуваат моторните возила, велосипедистите и пешачите. Со отстранување на нелегалните продавачи од тротоарот на булеварот Крсте Мисирков се реши овој долгогодишен проблем, а Градот испрати силна порака дека нема да отстапи од намерата да воведе ред на јавните површини.

Градот Скопје покажа разбирање дека трговците коишто работат на нелегално поставените тезги на тротоарите кај Бит-пазар вложуваат многу труд за да заработат за основните средства за живот. Затоа, во соработка со „Скопски пазар“ за сите трговци на нелегално поставени тезги на овој потег обезбеден е простор во рамките на „Бит-пазар“ под одредени поволни услови. Градот Скопје исто така овозможи тезгите со цвеќиња што беа распослани на тротоарот по должината на булеварот Крсте Мисирков, до Бит-пазар, да бидат поставени на само 100 метри од оваа локација, на просторот зад Поликлиниката„Бит-пазар“, со што Скопје доби нов цветен пазар.

Како дел од активностите за ослободување на јавните површини од нелегално поставените тезги, Градот Скопје веќе почна и да го уредува просторот на Бит-пазар. Кај пазарот е оформена нова такси-станица, се планира да се засадат дрвореди и просторот хортикултурно да се уреди. Се поставуваат и заштитни столпчиња на тротоарите од двете страни на булеварот, за да се спречи непрописното паркирање. Дополнително, се планира да се уредат и осветлат пасажите во Старата скопска чаршија.

# ПРОДОЛЖУВА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ВЕЛОСИПЕДСКИТЕ ПАТЕКИ



Екипите на Град Скопје изминативе неколку месеци ја продолжија изградбата на велосипедската инфраструктура во градот. Изградени се велосипедско-пешачки патеки на следните делници: на булевар Кочо Рацин на потегот од крстосницата со улицата 11.Октомври до крстосницата со улицата Свети Кирил и Методиј; на улицата Свети Кирил и Методиј, на потегот од крстосницата со булевар Кочо Рацин до крстосницата со булеварот Свети Климент Охридски и на булеварот Свети Климент Охридски, на потегот од крстосницата со улицата Свети Кирил и Методиј до улицата Димитрие Чуповски.

Во тек е изградбата на велосипедските патеки на булеварот 8.Септември, на булеварот Кочо Рацин кон булеварот Кузман Јосифовски Питу, на улицата Втора македонска бригада, на улицата Ѓорче Петров, на булеварот Крсте Мисирков кај Бит-пазар, на булеварот ВМРО и на улицата 11.Октомври.




# НОВ МОСТ НА ВАРДАР ЌЕ ГО ПОВРЗЕ АЕРОДРОМ СО ЌЕРАМИДНИЦА

Градот Скопје работи на проектот за изградба на нов коридор со мост преку реката Вардар, што ќе го поврзе булевар АСНОМ кај хотелот „Русија", преку Вардар, низ населбата Ќерамидница, се до раскрсницата кај скопското сајмиште.

- Градот Скопје ја започна постапката за изградба на коридор за поврзување на Аеродром, Гази Баба и Центар. Пробивањето на овој сообраќаен коридор ќе даде исклучителна развојна компонента на градот и истиот ќе овозможи да патуваме побрзо и побезбедно. Од Ново Лисиче до Саем или од Автокоманда до ТЦ „Бисер" со автомобил ќе се стигнува за само 5 минути. Времето на движење за велосипедистите и пешаците, исто така, ќе биде драстично намалено – вели градоначалникот Шилегов.

Новиот проект освен нов мост преку Вардар во должина од 120 метри предвидува и пробивање на нов и реконструкција на стар булевар во вкупна должина од 2.170 метри, 5 вкрстувања, 6 коловозни ленти, велосипедски патеки во двете насоки, пешачки патеки и дрвореди. Новиот коридор во градот задолжително ќе биде проследен и со нови автобуски линии на јавниот градски превоз.

- На граѓаните на Скопје им се потребни решенија што трајно ќе го ослободат градот од сообраќајниот метеж, тие заслужуваат брз и безбеден сообраќај, а ова е само почеток на еден процес кој води до постигнување на таа цел - потенцираше Шилегов.

Градежните активности за изградбата на новиот мост преку реката Вардар треба да почнат кон крајот на наредната зима. Службите на Град Скопје и на Општина Гази Баба извршија евидентирање на сите 143 сопственици на имот каде што ќе минува трасата на булеварот и почнаа постапки за експропријација. Се очекува обештетувањето да го чини Градот од 6 до 7 милиони евра, а градежните работи на мостот и на булеварот околу 8 милиони евра.

Градот Скопје мора да се развива и преку вакви решенија да ги ослободува од притисокот развиените делови на градот за да се не се изгуби квалитетот на живеење во нив, а развивајќи ги неразвиените делови да го направи Скопје пофункционално за сите негови жители.

Во Скопје денес постојат девет мостови за моторизиран сообраќај преку Вардар. Но, општината со најмногу жители – Аеродром, и онаа со најголема економска активност – Гази Баба сега се поврзани со само еден мост.

# НАД 1.800 СТОЛПЧИЊА НА ТРОТОАРИТЕ ВО СКОПЈЕ

За да се спречи непрописното паркирање возила на тротоарите и да се овозможи непречено движење на пешаците и велосипедистите, екипи на Град Скопје и на ЈП „Улици и патишта" во изминатиов период поставуваа столпчиња по должината на градските улици и булевари.

Град Скопје со поставување на столпчиња во последните 7 месеци ослободи простор за пешаци и за велосипеди во вкупна должина поголема од 3000 метри, при што се поставени околу 1.800 столпчиња.

Град Скопје нема намера да отстапи од идејата за ослободување од возила на просториte предвидени за пешачки и за велосипедски сообраќај и во таа насока ќе продолжи да поставува столпчиња секаде каде што ваквиот простор е узурпиран. Како и досега, Градот ќе води сметка да им се обезбеди алтернативни можности за паркирање на засегнатите станари од околните објекти.

Во последниве седум месеци поставени се столпчиња на повеќе локации, меѓу кои на булеварите Крсте Мисирков, Гоце Делчев, Свети Климент Охридски, 8.Септември и Партизански одреди, како и на улиците Димитрија Чуповски, Свети Кирил и Методиј, Даме Груев, Франклин Рузвелт и на Љубљанска.

# НАМЕСТО ЗА ГРАЃАНИТЕ, ВОДАТА ПОСКАПЕ ЗА КОМПЛЕКСОТ „ЖЕЛЕЗАРА“

Советот на Град Скопје, на предлог на градоначалникот Шилегов, на седницата одржана на 1 март годинава ја усвои новата зголемена цена за вода што ќе ја плаќа „РЖ Услуги АД Скопје“ (комплексот Железара). Овој капацитет воопшто не плаќаше за оваа услуга во периодот од 1997 година до почетокот на 2016 година, кога РЖ Услуги АД Скопје почнаа да плаќаат симболична цена од 2,54 денари, а од 2017 година 3,55 денари за кубен метар вода. Сумата што ја плаќале досега е за 10 пати пониска од цената што ја плаќаат жителите на Скопје, а околу 16 пати пониска од цената што ја плаќаат другите правни субјекти во Скопје.



Со новата цена што ќе ја плаќа „РЖ Услуги АД Скопје“ ќе го подобриме финансиското работење на ЈП „Водовод и канализација“ за јавното претпријатие да може да ги сервисира обврските коишто произлегуваат од изработка на колекторскиот систем и пречистителната станица во 2022 година.

Цената на водата што ќе ја плаќа „РЖ Услуги АД Скопје“ за 2018 година ќе изнесува 11,65 денари за кубен метар вода, во 2019 година - 22,75 денари, во 2020 година - 34,20 денари, за во 2021 година цената да биде 46,63 денари за кубен метар вода.

Овие компании на годишно ниво трошат екстремно големо количество вода, а за минатата година имаат потрошено 4.857.073 кубни метри вода, или околу 30 проценти од вкупнато количество од изворот Рашче.

# СЕ ГРАДИ КОЛЕКТОРСКИОТ СИСТЕМ ЗА ПРЕЧИСТИТЕЛНАТА СТАНИЦА

Изградбата на колекторскиот систем за одведување на отпадните води во реката Вардар е во тек. Инвестицијата е финансирана со средства на Европската унија во износ од над 9 милиони евра со вклучен надзор и ко-финансирана од буџетот на Република Македонија во висина од 15%, а е предуслов за изградба на главната пречистителна станица за отпадни води за Скопје.

Со реализација на овој проект ќе овозможиме заштита на реката од загадување преку затворање на неколку испусти на отпадни води што директно се излеваат во Вардар. Со изградбата на колекторите на двете страни на реката Вардар до 2020 година, ќе се создадат и главните предуслови за изградба на централна пречистителна станица за градот Скопје. Овој проект го спроведува Министерството за животна средина и просторно планирање, а корисник е Градот Скопје, преку ЈП „Водовод и канализација“ – вели градоначалникот Шилегов.



# Убавините на Скопје
# КАЊОН МАТКА

Сместен 15 километри југозападно од Скопје, кањонот Матка е вистински бисер на природата во Република Македонија. Според критериумите на Светската унија за заштита на природата (IUCN) и категоризацијата на заштитените подрачја според Законот за заштита на природата, кањонот е трета категорија на заштитено подрачје – Споменик на природата со вредни геолошки, геоморфолошки и хидролошки елементи и богата флора и фауна.

Кањонот Матка воодушевува со течението на реката Треска, со тишината на десетте пештери со должина меѓу 20 и 176 метри, меѓу кои се Врело, Кришталнa и Убава, како и со акумулационото езеро Матка, кое придонесува за живописноста на пределот и влијае врз формирањето на микро-







климата во регионот.
Матка е магнет за вљубениците во природата и авантуристите кои сакаат да се занимаваат со екстремни спортови - спелеологија и спелеонуркање, алпинистичко и спортско качување, кајак на диви води и планински велосипедизам, или едноставно рекреативно да пешачат по многубројните патеки. Неповторливата околина ги мами посетителите да ги истражуваат и многубројните манастирски цркви како „Свети Андреа“, „Свети Никола“ и „Света Богородица“, како и големиот број археолошки остатоци од повеќе антички и средновековни населби со значајна историска и културна вредност.
Од неодамна посетителите на кањонот можат да го посетат и изложбениот центар за електрична енергија „Матка“, да ги погледнат многубројните експонати и да го збогатат своето знаење.











# СКОПЈЕ И АТИНА ПОТПИШАА ДОГОВОР ЗА СОРАБОТКА



Градоначалникот Шилегов и градоначалникот на Атина, Јоргос Каминис, на 27 април годинава во Скопје ја имаа втората официјална средба, по посетата на градоначалникот Шилегов на Атина. Препознавајќи го клучниот елемент кој денешните градови го имаат во контекстот на меѓународните односи и во промовирањето на добрососедската соработка, тие потпишаа Договор за соработка меѓу градовите Скопје и Атина.

- Со потпишувањето на овој договор, со Атина ќе разменуваме информации, искуства и добри практики и ќе негуваме соработка во разни области на работа и надлежности, како што се: градска администрација и управување со јавни услуги, урбан развој, урбана отпорност, заштита на животната средина и природата, културни и туристички активности, иновации, информатичка технологија и дигитализација и практики за граѓански ангажман. Воедно, заедно ќе соработуваме во рамките на мрежата Eurocities и ќе ги промовираме трговските контакти - истакна Шилегов.

Тој потенцираше дека нашите градови и народи имаат повеќе историја што ги спојува, отколку историја што ги разделува, па затоа и го избрале Музејот на современа уметност да биде местото на кое ќе го потпишат договорот. По земјотресот во Скопје во 1963 година, меѓу уметниците од целиот свет кои донирале свои дела и го наполниле овој музеј, биле и 34 грчки уметници кои донирале 46 уметнички дела, а нивните дела се дел од грчката колекција на МСУ.

# МНОГУБРОЈНИ АКТИВНОСТИ НА ПОЛЕТО НА МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА



Градот Скопје изминатиов период имаше голем број активности на полето на меѓународната соработка. Значајно е да се истакне збратимувањето со главниот град на Босна и Херцеговина, Сараево. Спогодбата за збратимување ја потпишаа градоначалниците на двата града, Петре Шилегов и Абдулах Скака, а со тоа Сараево стана последниот град од главните градови на републиките од поранешна Југославија со кој Скопје се збратимува.

Како поважни активности на полето на меѓународната соработка ги издвојуваме средбата во Скопје на градоначалникот Шилегов со Јанис Бутарис, градоначалник на Солун, Грција; посета на градоначалникот Шилегов на Виена и средба со градоначалникот и претседател на Покраината Виена д-р Михаел Хојпл; посета на градоначалникот Шилегов на Париз, Франција, каде што се сретна со членовите на работната група за одржлив град при МЕДЕФ (Стопанската комора на Франција), како и билатералната средба со заменик-градоначалникот на Париз, Кристоф Најдовски; посета на градоначалникот Шилегов на Тирана, Албанија и средба со градоначалникот на Тирана, Ерион Велиај; посета на градоначалникот Шилегов на Загреб, Хрватска и средба со градоначалникот на Загреб, Милан Бандиќ; средба на градоначалникот Шилегов со заменик-градоначалникот на Љубљана, Тјаша Фицко; како и работната средба на претседателот на Советот на Град Скопје, Љубица Јанчева со Делегација од Групата за билатерална соработка со Македонија на Претставничкиот дом на Република Индонезија.




Градоначалникот Шилегов, како претседател на ЗЕЛС, во април годинава учествуваше на 13. Генерално собрание на Мрежата на асоцијации на локални самоуправи од Југоисточна Европа (НАЛАС), кое се одржа во Брдо, Словенија. На генералното собрание Шилегов беше назначен за прв потпретседател на НАЛАС за 2018 година.

# ПОСЕТЕТЕ ГО МЕМОРИЈАЛНИОТ МУЗЕЈ НА ИЛЕГАЛНИТЕ РАБОТИЛНИЦИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ОРУЖЈЕ ОД НОВ

На левиот брег на реката Вардар, зад Археолошкиот музеј на Македонија, во јануари годинава вратите ги отвори реновираниот Меморијален музеј на илегалните работилници за изработка на оружје во Скопје за време на НОВ. Во Музејот посетителите имаат можност да ја погледнат постојаната поставка „Хероите на градот на Вардар“ и да се запознаат со историјата на антифашистичко Скопје.

Во услови на окупација и полициски режим, во непосредна близина на кејот и зградата на Митрополијата, на улица Пајкова број 2, формирана е првата илегална работилница во градот. Задачата околу формирањето и организирањето на работилницата им била доверена на Илија Јакимовски Илчо, Роберт Гајдик и Бранислав Шикиќ, а тие, задачата му ја довериле на електромеханичарот Серафим Видовски кој имал работилница во дворот на својата куќа. Оваа скромна работилница прераснала во јадро на создавање на новата историја на градот и еден од симболите на отпорот на населението против окупаторот и неговиот терор.

Куќата и работилницата го дочекале ослободувањето на Македонија и опстојале се до 1965 година, но со новиот урбанистички план и изградбата на Стопанската банка во комплексот на културните институции, тие биле урнати.

Овој објект во 1981 година е пренаменет во Меморијалниот музеј на илегалните работилници за изработка на оружје во Скопје за време на НОВ (1941-1944), како нем потсетник на хероите и борците коишто пожртвувано се бореле и вршеле диверзантски акции врз надмоќниот фашистички окупатор за да ја ослободат нашата татковина.

- На 13 Ноември минатата година, на денот на ослободувањето на градот, најавив дека многу скоро повторно ќе го отвориме овој музеј кој неправедно беше затворен долги години заради реновирање. Некогаш познатата, а потоа заборавена, илегална партизанска оружарница ќе биде отворена секој работен ден со дежурен кустос и ќе биде полна со ученици од Скопје – истакна градоначалникот Шилегов, на отворањето на музејот.

Тој нагласи дека повторното отворање на Музејот симболично се случува на ден кога пред точно 75 години, по долго физичко измачување во „Обласната полициска управа во Скопје“ и без судски процес, биле убиени народните херои Страшо Пинџур и Мирче Ацев.







## ГРАД СКОПЈЕ И ЕВН ЗАЕДНО ЗА ТУРИСТИЧКА ПРОМОЦИЈА НА МАТКА

Градоначалникот Шилегов и претседателот на Управниот одбор на ЕВН Македонија, Штефан Петер, во јуни годинава потпишаа Меморандум за соработка за користење на изложбениот центар за електрична енергија „Матка“, кој е прв од ваков вид во регионот.

Со потпишувањето на овој меморандум изложбениот центар „Матка“ ќе добие поголема промоција и ќе стане повидлив на туристичката мапа на Скопје. Центарот е добитник на наградата „Музеј на годината“ која ја доделува ICOM (International Council of Museums) – Македонија, а минатата година ја доби и националната награда за општествена одговорност, што ја доделува Министерството за економија.

## СПОМЕН-КУЌА И МУЗЕЈ НА ФРАНЦУСКИТЕ ВОЕНИ ГРОБИШТА

По повод одбележувањето на настаните од Првата светска војна во Скопје и во Битола и пробивот на Македонскиот фронт на 30 мај годинава градоначалникот Шилегов и Кристиан Тимоние, амбасадор на Франција во нашава земја, ја отворија Спомен-куќата и музеј на Француските воени гробишта во Скопје.

Овој музејски простор ќе сведочи за Македонскиот фронт, а ќе биде и симбол на врските и пријателството меѓу Франција и Македонија.

# QUEEN REAL TRIBUTE И ГО РАЗИГРАА ГРАДСКИ



На 22 јуни Скопје беше весело и разиграно. Кај Школката во Градскиот парк, под отворено небо и пред рекорден број посетители се одржа музичкиот спектакл „Квин симфони шоу!“. Познатиот „QUEEN REAL TRIBUTE“ бенд заедно со Македонската филхармонија и хорот на Македонската опера и балет ги изведоа најголемите хитови на легендарната група „Квин“, еден од најпознатите и највлијателните бендови на сите времиња. На сцената се случуваше вистинска магија, а граѓаните со своето масовно присуство придонесоа Скопје да изгледа светски.



Во музиката на Квин уживаа и градоначалникот Шилегов со градоначалниците од регионов, како и голем број претставници од владата на Р.Македонија.



Градоначалникот Шилегов со градоначалници од регионов и премиерот Зоран Заев

На концертот „Квин симфони шоу!“ му претходеше уште една спектакуларна вечер на отворено. На 21 јуни, на ледината зад споменикот на Гоце Делчев, скопјани уживаа во бесплатната проекција на генијалниот документарен филм „Avec l’amour“ на режисерот Илија Цветковски и продуцентот Атанас Георгиев.

Градскиот парк беше местото каде што и на 7 јуни се собраа огромен број посетители за да уживаат во музичкиот спектакл со африканската музичка ѕвезда Феми Кути кој за пр-

# ФЕМИ КУТИ ОТ ПАРК





впат премиерно во Скопје, настапи со оркестарот на Македонската филхармонија, односно со филхармониски оркестар.
Ден претходно се случи уште една филмска проекција на отворено, а скопјани имаа можност да го погледнат филмскиот хит „Исцелител", на режисерот Ѓорче Ставрески.
Овие четири настани кои ја збогатија летната културна понуда во градот и покажаа колку граѓаните се заинтересирани за атрактивни забавни содржини се дел од концептот „Градски летен парк" кој го реализираат Градот Скопје, МКЦ и Македонската филхармонија.

# УСПЕХ НА CINEDAYS

Фестивалот на европски филм CINEDAYS успеа да се акредитира во меѓународната асоцијација FIAPF и да се здобие со големото признание „Competitive film festival specialized in European first and second feature films". Одлуката за зачленување на CINEDAYS во специјалната селекција од 47 акредитирани фестивали во светот досега е донесена со едногласна одлука за време на Генералното собрание на FIAPF на 18 февруари 2018 година. CINEDAYS е во друштвото на светските фестивали како што се Берлин, Бусан, Кан, Сан Себастијан, Торонто и Венеција кои се акредитирани преку оваа програма која гарантира квалитет, дефиниран од меѓународната филмска заедница сконцентрирана во оваа важна меѓународна федерација. FIAPF претставува единствена федерација на филмски и телевизиски продуценти со големо глобално значење, вбројувајќи 38 продукциски куќи од 31 земја во светот.
Организатор на CINEDAYS е Младинскиот културен центар, а покровител Градот Скопје.

# СКОПСКО ЛЕТО 2018



Со концертот на групата Дадо Дганит од Израел во Македонската филхармонија свечено беше отворено 39. издание на фестивалот Скопско лето 2018, кој традиционално почнува на 21 јуни - Светскиот ден на музиката, но и најдолгиот ден во годината.
Фестивалот кој ќе трае 40 дена на граѓаните ќе им понуди многубројни домашни и странски премиерни и специјални проекти и гостувања, музички, филмски, театарски, ликовни и други естетски доживувања, како на скопските сцени, така и на отворените простори кај Марковиот манастир, Старата скопска чаршија, Скопската тврдина и старите скопски маала.

# БАСКЕРФЕСТ 2018

Плоштадот „Македонија" од 12 до 17 јуни беше претворен во уличен театар под отворено небо. Улични артисти од Франција, Јапонија, Индија, Аргентина, Шпанија и Бразил, како и млади македонски музичари и светски баскер бендови изведуваа несекојдневни точки и го привлекоа вниманието на многубројната публика на 13-то издание на Фестивалот на улични изведувачи „Баскерфест 2018".
Фестивалот, традиционално е под покровителство на Град Скопје.

# СЕ РЕКОНСТРУИРААТ СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА НА ГРАД СКОПЈЕ



Во деветнаесет средни училишта во Град Скопје ова лето ќе се изврши реконструкција и санација на објектите, дел од нив ќе добијат нови енергетски ефикасни фасади, а во дел ќе се врши реконструкција на внатрешноста и ќе се замени столаријата.

Градежните зафати за реконструкција на објектите на средните училишта на Град Скопје ќе придонесат за исполнување на стандардите за енергетска ефикасност, што значително ќе ги подобрат функционалноста и изгледот на училиштата. Енергетски ефикасните фасади ќе ги намалат трошоците на училиштата за нивно загревање во текот на зимските месеци што ќе придонесува за подобрување на еколошката состојба на градот.

Висината на средствата што се планирани за оваа намена изнесува речиси 60 милиони денари, од кои 46 милиони денари се за фасади, а преостанатите за санација на санитарни јазли, подови, врати, електрика, греење, во вкупно 19 училишта во градот. Овие средства се обезбедени со пренамена на средствата предвидени за проектот „Скопје 2014“.

Нашите приоритети се трошење за вистинските потреби на граѓаните, за вистинските потреби на нашите најмили, на децата. Нашата цел е во училиштата да овозможиме нормални услови за функционирање на децата и достоинствени услови за просветните работници коишто го водат едукативниот процес - објаснува Шилегов.

Тој додава дека Градот се грижи за сите граѓани подеднакво, затоа што секој треба да има услови за нормално функционирање и живеење.

- Внатре во санитарните јазли, изработуваме посебни тоалети за учениците со посебни потреби, бидејќи секој во Скопје има право на еднаква шанса, секој во Скопје има право на живот – вели Шилегов.

За да се подобрат условите во кои учат средношколците и во кои работи наставниот кадар, Градот Скопје годинава ќе ги обнови, реконструира и санира објектите на средните училишта: „Димитар Влахов“, „Јосип Броз Тито“, „Орце Николов“, „Кочо Рацин“, „Никола Карев“, „Боро Петрушевски“, „Здравко Цветковски“, „Панче Арсовски“, „Сарај“, „Васил Антевски Дрен“, „Панче Караѓозов“,„Георги Димитров“, „Марија Кири Склодовска“, „Арсени Јовков“, „Раде Јовчевски Корчагин“, „Владо Тасевски“, „Лазар Танев“, „Цветан Димов“ и „Михајло Пупин“.



На плоштадот „Македонија“ на 18 мај годинава матурантите од Скопје точно напладне, заедно со своите врсници од повеќе градови од земјава и од Европа, го одиграа танцот „квадрил“ на звуците на штраусовата опера „Лилјакот“. На годинешната „Матурска парада“ во Скопје учествуваа над 1.000 ученици од 22 средни училишта во Скопје.

## ГОЛЕМ ИНТЕРЕС НА СРЕДНОШКОЛЦИТЕ ЗА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ НА ФАКУЛТЕТИТЕ

Средношколците од 22 средни училишта покажаа голем интерес и се запознаа со студиските програми на факултетите и универзитетите во рамките на проектот „Училиштата на Град Скопје со отворени врати за факултетите и универзитетите за промоција на нивните студиски програми“, кој се реализираше во периодот од 15 март до 1 април годинава.

Универзитетите и факултетите имаа можност во точно определен ден, без да се наруши наставата, да ги презентираат своите програми и непосредно да дадат одговори на прашањата што си ги поставуваат идните академски граѓани. Нивните студиски програми просечно беа претставени пред околу 150 ученици во завршните години од средното образование, во секое училиште.

# СТИПЕНДИИ ЗА 100 СПОРТИСТИ – СРЕДНОШКОЛЦИ

Сто спортисти – средношколци, ученици во средните училишта на подрачјето на Скопје годинава за првпат добија стипендии од Градот Скопје.

На јавниот повик што во април годинава го распиша Град Скопје беа избрани 100 стипендисти - средношколци, кои во тековната 2018 година ќе добијат стипендија од 24.000 денари (плус платен персонален данок на доход). Право на добивање стипендија на овој повик имаа државјани на Република Македонија кои имаат статус на редовен или вонреден ученик во јавните и приватните средни училишта на подрачјето на град Скопје, и тоа да се жители на Скопје; да се ученици во средните училишта на подрачјето на град Скопје; да се активни спортистки и спортисти, членови на спортски клубови регистрирани на подрачјето на град Скопје и да се регистрирани во националните спортски федерации во Македонија; да имаат високи спортски постигнувања во претходната 2017 година и во 2018 година, се до завршувањето на јавниот повик.

Град Скопје ги воведе овие стипендии за да ја поттикне мотивираноста кај младите и талентирани спортисти – средношколци.

# ОВА СЕ ПОБЕДНИЦИТЕ НА СРЕДНОУЧИЛИШНИТЕ ЛИГИ НА ГРАД СКОПЈЕ ЗА УЧЕБНАТА 2017/2018 ГОДИНА

Во завршните натпревари на препознатливиот градски фајнл фор што на 3 и на 4 мај се играше во спортската сала на СУГС „Зеф Љуш Марку“ се издвоија најдобрите екипи во средноучилишните лиги на Град Скопје за учебната 2017/2018 година во екипните спортови футсал, ракомет, кошарка и одбојка, во машка и во женска конкуренција.
Во текот на оваа учебна година во системот на натпревари на средните училишта во Скопје учествуваа 245 екипи, а се одиграа над 1.000 натпревари во кои се вклучија околу 6.000 ученици од 29 средни училишта од Скопје.

Според резултатите од финалните натпревари,
**во футсал – мажи** најдобри беа следниве две екипи:
Прво место: СУГС „Цветан Димов“
Второ место: СУГС „Зеф Љуш Марку“
**Во футсал – жени,** како најдобри се издвоија:
Прво место: ДУФК „Методи Митевски-Брицо“
Второ место: СУГС „Орце Николов“
**Во ракомет – жени,** првите две места ги освоија:
Прво место: ДУФК „Методи Митевски-Брицо“
Второ место: СУГС „Никола Карев“
**Во ракомет – мажи,** најдобри беа екипите:
Прво место: ДУФК „Методи Митевски-Брицо“
Второ место: СУГС „Јосип Броз-Тито“
**Во одбојка – мажи,** првите две места ги освоија:
Прво место: ДУФК „Методи Митевски-Брицо“
Второ место: СУГС „Здравко Цветковски“



**Во одбојка – жени,** најдобар резултат постигнаа екипите:
Прво место: СУГС „Никола Карев“
Второ место: СУГС „Орце Николов“
**Во кошарка – мажи,** најдобри беа екипите:
Прво место: СУГС „Орце Николов“
Второ место: СУГС „Арсени Јовков“
**Во кошарка жени,** како најдобри се издвоија:
Прво место: СУГС „Орце Николов“
Второ место: ДУФК „Методи Митевски-Брицо“

Градскиот првак и второпласираниот од скопскиот регион, што е најголем во Македонија, учествуваа на финалните натпревари на државно ниво, односно на првенството на средни училишта од цела Македонија – Гимназијада што се одржа во Тетово од 10 до 12 мај годинава. На Гимназијадата, како и на настапите во државните лиги на Македонија, скопските средни училишта освоија 19 златни, 14 сребрени и 16 бронзени медали.

# ФИНАЛЕ НА НАЦИОНАЛНИОТ МОС НАТПРЕВАР

Заменик-градоначалникот на Скопје, Енвер Малиќи, на 31 мај годинава на победникот Јорданчо Ефтимов му го додели сертификатот на завршниот настан во рамки на финалето на третиот Национален натпревар за Microsoft Office Specialist, што се одржа во IBank концептуалната филијала на Стопанска Банка АД-Скопје.
За оваа година, Градот Скопје набави четири МОС лиценци со по 100 испити и една АСА лиценца со 100 испити (вкупно 500 испити), односно првпат годинава на средношколците им се овозможи да полагаат и АСА испит и со тоа да се здобијат со Adobe Certified Associat сертификат. Набавката на лиценците се организираше преку пет средни училишта, а право на учество имаа учениците од сите средни училишта на Град Скопје.
Во текот на изминатите две години, Градот директно поддржа 750 ученици овозможувајќи им бесплатно полагање на МОС испитите, а оваа пракса ќе продолжи и во иднина.

# БУЏЕТ ПО МЕРКА НА ГРАЃАНИТЕ

На дванаесеттата седница на Советот на Град Скопје што се одржа на 20.06.2018 година советниците расправаа и го изгласаа Предлог-изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Град Скопје за 2018 година.

Со предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Град Скопје за 2018 година вкупниот буџет се зголемува за 80 милиони денари, што претставува зголемување од 1,3% во однос на првичниот буџет.

Најголемите промени во вкупните предвидени средства се однесуваат на секторот за комунални работи каде што е предвидено зголемување на средствата за 67.150.000 денари, како и на секторот за сообраќај каде што е предвидено намалување за 104.850.000 денари.

Во делот на комуналните работи најголемото зголемување се однесува на реконструкција и подигнување на јавно зеленило каде што се предвидени дополнителни 40 милиони денари. За расчистување на диви депонии предвидени се дополнителни 5 милиони денари.

Промени во буџетот има и во секторите за планирање и уредување на просторот (намалување од 17,39 милиони денари), јавни дејности (намалување од 10,36 милиони денари) и локален економски развој.

Во делот на капитални расходи од областа на урбанизмот предвидени се средства кои претходно не беа предвидени, а се однесуваат на можна изградба на улиците Есенинова и Боца Иванова; реконструкција на булеварот Никола Карев; изградба, одржување и реконструкција на улиците Брадфордска, Македонско-косовска бригада, Андон Димитров (Жарко Зрењанин) и Живко Фирфов (Ужичка Република); како и на изградба, реконструкција и одржување на мали плоштади.

Во измените на буџетот предвидени се и дополнителни 15,5 милиони денари за основање на новото АД за енергетски дејности. Граѓаните на Скопје во претстојната грејна сезона ќе можат да почнат да ги користат услугите на новото претпријатие, се надеваме дека тоа ќе привлече повеќе потрошувачи, а тоа ќе значи и помало загадување на воздухот.

## НОВО ВОЗИЛО ЗА ЗАЛОВУВАЊЕ НА БЕЗДОМНИТЕ КУЧИЊА



ЈП „Комунална хигиена“ на почетокот на јуни го стави во употреба новото возило наменето за заловување и транспорт на бездомните кучиња од скопските улици. Ова е второ возило на ЈП „Комунална хигиена“ што ќе се користи од специјализирананата Служба за хуман третман и контрола, при секојдневните акции за заловување на бездомните кучиња коишто ќе се транспортираат во стационарот „Вардариште“.

## ДВА ПРИЕМНИ ДЕНА ЗА ГРАЃАНИТЕ ВО ДАНОЧНИТЕ ОДДЕЛЕНИЈА

Почнувајќи од 07.05.2018 година во бараката број 15 на Град Скопје (даночни одделенија) се воведени два приемни дена (вторник и петок) за прием на граѓани. Во тие денови дежурните правници ќе им бидат на располагање на граѓаните за даночни прашања во периодот од 9 до 16 часот.

Овој новитет Градот Скопје го воведе за да се овозможи побрзо и поефикасно работење на даночната администрација, особено во делот на решавањето на пријавите и барањата по предмети по основ на данок на имот.

Во насока на подобрување на даночните услуги за граѓаните, Градот Скопје од 01.01.2018 година воведе двосменско работење во бараката број 16 со работно време од 7:30 до 19:30 часот за прием и издавање документи поврзани со даноците на имот. Исто така, со цел поедноставување на процедурите во врска со даноците на имот, во Град Скопје веќе подолг временски период дежурен правник и проценител во бараката број 16, соба 2, во периодот од 8:30 до 16:30 часот, секој работен ден, извршуваат проценки на имот и даваат правни совети на граѓаните во врска со нивните поднесоци во даночното одделение.

## СМС ЗА СТАТУСОТ НА ПРЕДМЕТОТ НА ДАНОЧНИТЕ ОБВРЗНИЦИ

Од почетокот на годинава, Град Скопје воведе нов софтвер кој им овозможи на даночните обврзници да добиваат навремени информации по пат на СМС за статусот на нивниот предмет поднесен во Град Скопје. Со оваа услуга по прием на предметот, граѓанинот добива потврда по СМС дека предметот е примен, а понатаму, до крајот на постапката, добива нова порака со соодветна информација за секоја промена на статусот на предметот.

# УКИНАТО Е БЕСПЛАТНОТО ПАРКИРАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ГРАД СКОПЈЕ

За да се воведе ред во паркирањето пред бараките на Град Скопје, каде што претходно вработените од градската администрација не плаќаа паркинг и тоа го правеа бесплатно, градоначалникот Шилегов во март годинава ја укина таа привилегија. Кога можат преостанатите жители на Скопје да плаќаат за паркирање и да имаат месечни карти, зошто вработените во Градот да се паркираат бесплатно на паркинг на кој се наплаќа. Не знам зошто досега тоа им било дозволено. Правилата мора да важат за сите, не може вработени во Град Скопје да бидат привилегирани - нагласи градоначалникот Шилегов.





# ПАРИТЕ ОД НОВОГОДИШНАТА ПРОСЛАВА ПРЕНАМЕНЕТИ ЗА ДОНАЦИЈА

Град Скопје и Македонски Телеком на 13 февруари годинава ја предадоа донацијата од два медицински апарата на Институтот за белодробни заболувања кај децата – Козле. Донацијата е реализирана со пренамена на средствата што беа планирани за прославата на Нова година и е во износ од 10.000 евра.

- Здравјето на нашите деца без исклучок е на врвот на приоритетите на Град Скопје. Ја користиме секоја пригода безусловно да придонесеме за унапредување на квалитетот на животот на најмладите. Затоа одговорно ја користиме секоја ситуација која е во интерес на детското здравје – изјави градоначалникот Шилегов, на предавањето на донацијата.

# МАКЕДОНИЈА И СКОПЈЕ ДОМАЌИНИ НА ЕП ВО РАКОМЕТ - ЖЕНИ

Македонија, Словенија и Црна Гора ќе бидат домаќини и организатори на Европското сениорско првенство во женска конкуренција во 2022 година, одлучи ЕХФ. Градовите Скопје, Љубљана, Целје и Подгорица ќе организираат натпревари во една од четирите групи во првата фаза од првенството.

- Скопје ужива углед на добар домаќин и има потенцијал достоинствено да ги прими туристите и љубителите на ракометот и да им обезбеди добра забава и пријатен престој за време на европското ракоментно првенство во женска конкуренција – вели градоначалникот Шилегов.

Градот Скопје години наназад организира големи спортски настани како УЕФА СУПЕР КУПОТ СКОПЈЕ 2017, меѓународниот Скопски маратон и други спортски настани за кои со гордост може да се каже дека го вбројуваат Скопје во редот на големите градови кои успешно се соочуваат со вакви предизвици.

# НАД 10.000 УЧЕСНИЦИ НА СКОПСКИОТ МАРАТОН 2018



Годинава низ улиците на Скопје првпат трчаа над 10.000 учесници од 58 земји, а на најдобрите на Виз Ер Скопски Маратон наградите им ги додели претседателката на Советот на Град Скопје, Љубица Јанчева.

Прв на целта во маратонот, кој се организира по 14 пат, пристигна Еванс Бивот од Кенија по истрчани два часа, 14 минути и 8 секунди, оставајќи ги зад себе сонародниците Џон Лангат и Хосеа Кипротич. Во женска конкуренција, победи Џедида Карунгу од Кенија која заврши со време од 2 часа, 51 минута и 24 секунди, втора беше Марија Врајиќ од Хрватска со три часа и 2 минути, а трета нашата Андријана Поп Арсова со три часа, 5 минути и 4 секунди. Со ова време Андријана Поп Арсова го урна државниот рекорд во маратон за жени. Во полумаратонот, прв ја помина целта Дарио Ивановски, а кај дамите прва пристигна Миљана Ристиќ, двајцата од Македонија. На трката на 5 километри, којашто беше најмасовна, кај жените најуспешна беше Греса Бакрачи од Косово, а кај мажите победи Богдан Цветковски од Македонија.

Организатори на годинешново издание на Виз Ер Скопски Маратон 2018 се Град Скопје и Сојуз на спортови на Скопје, Агенцијата за млади и спорт, како и Атлетската федерација на Република Македонија, Европската унија во Македонија и атлетските клубови. На Виз Ер Скопскиот маратон, учесниците можат да исполнат норми за учество на сите најзначајни европски и светски шампионати, како и за Олимписките игри, а овој настан се организира по повод Денот на Европа.

Град Скопје и годинава за оваа намена издвои 1,5 милиони денари, а ги стави на располагање и сите јавни градски претпријатија.

„СКОПЈЕ“
ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО
НА ГРАД СКОПЈЕ

Првиот број на информативното гласило „СКОПЈЕ“ излезе на 10 декември 2008 година

ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
Ваљон Салиху

РЕДАКЦИЈА
Одделение за односи со јавност на Град Скопје

ЛЕКТОР
Лидија Антоновска

УРЕДНИК НА ФОТОГРАФИЈА
Младен Богојевски

e-mail
gragjani@skopje.gov.mk

телефон
3 297 255

Facebook
Град Скопје

Twitter
@CityofSkopje

Instagram
@gradskopje.oficijalna

ИЗДАВА ГРАД СКОПЈЕ
Булевар Илинден 82
www.skopje.gov.mk

Дизајн и печат
Печатница „Серафимовски“ Скопје

# СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ - МАНДАТ 2017 - 2021 ГОДИНА



До почетокот на месец јуни 2018 година, Советот на Град Скопје одржа 13 седници

Првата конститутивна седница на Советот на Град Скопје за мандатот 2017 - 2021 година се одржа на 02.11.2017 година. Советот на Град Скопје го сочинуваат 45 члена коишто се избираат на општи, непосредни, слободни и демократски избори. Градските советници ги претставуваат граѓаните и во Советот одлучуваат по сопствени убедувања. За нов претседател на Советот на Град Скопје е избрана Љубица Јанчева.

Во Советот на Град Скопје се застапени претставници на Социјалдемократски сојуз на Македонија и Коалиција „Сојуз за иднината“, ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство и Коалиција „За подобра Македонија“, Демократска унија за интеграција - ДУИ, Движење БЕСА, Алијанса на Албанците и Левица. Советот на Град Скопје го сочинуваат советниците:

**Од СДСМ и коалицијата**

Биљана Секуловска Габер
Biljana.Sekulovska.Gaber@skopje.gov.mk
Љубица Јанчева
Ljubica.Jancheva@skopje.gov.mk
Васко Лазаревски
Vasko.Lazarevski@skopje.gov.mk
Бесим Љимани
Besim.Ljimani@skopje.gov.mk
Игор Вељаноски
Igor.Veljanoski@skopje.gov.mk
Анжелика Апчевска
Anzhelika.Apchevska@skopje.gov.mk
Верица Филиповска
Петар Шапе
Petar.Shape@skopje.gov.mk
Бојан Ивановиќ
Bojan.Ivanovikj@skopje.gov.mk
Христа Најданов
Hrista.Najdanov@skopje.gov.mk
Славче Јовановски
Slavche.Jovanovski@skopje.gov.mk
Соња Глинџарска
Sonja.Glindzarska@skopje.gov.mk
Драги Давчевски
Dragi.Davchevski@skopje.gov.mk
Агон Саити
Agon.Saiti@skopje.gov.mk
Михаела Иванова
Mihaela.Ivanova@skopje.gov.mk
Бранко Георгиевски
Branko.Georgievski@skopje.gov.mk
Константин Кратовалиев
Konstantin.Kratovaliev@skopje.gov.mk
Арзу Камбер
Arzu.Kamber@skopje.gov.mk
Менка Гугулевска
Александра Јованоска
Aleksandra.Jovanoska@skopje.gov.mk
Ќамуран Реунаерт
Kjamuran.Reunaert@skopje.gov.mk

**Од ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата**

Мухамед Амети
Muhamed.Ameti@skopje.gov.mk
Ирена Мишева
Irena.Misheva@skopje.gov.mk
Михајло Маневски
Mihajlo.Manevski@skopje.gov.mk
Јован Лазарев
Jovan.Lazarev@skopje.gov.mk
Светлана Колариќ
Svetlana.Kolarikj@skopje.gov.mk
Анета Стојановска Стефанова
Aneta.Stojanovska.Stefanova@skopje.gov.mk
Александар Трајановски
Aleksandar.Trajanovski@skopje.gov.mk
Јелена Жугиќ
Jelena.Zhugikj@skopje.gov.mk
Саит Алеиви
Sait.Aleivi@skopje.gov.mk
Владо Поповски
Vlado.Popovski@skopje.gov.mk
Ирена Попова
Irena.Popova@skopje.gov.mk
Али Берат
Ali.Berat@skopje.gov.mk
Василка Китановиќ
Vasilka.Kitanovikj@skopje.gov.mk
Ерџан Селими
Erdzan.Selimi@skopje.gov.mk
Мирдита Салиу
Mirdita.Saliu@skopje.gov.mk
Лука Кржалоски
Luka.Krzhaloski@skopje.gov.mk
Луке Галески
Luke.Galeski@skopje.gov.mk

**Од ДУИ**

Бесник Ајет
Besnik.Ajet@skopje.gov.mk
Енвер Малики
Enver.Malikji@skopje.gov.mk
Халиде Палоши
Halide.Paloshi@skopje.gov.mk

**Од БЕСА**

Садат Рамадани
Sadat.Ramadani@skopje.gov.mk
Ибуш Јусуфи
Ibush.Jusufi@skopje.gov.mk

**Од Алијанса на Албанците**

Фадиљ Ника
Nika.Fadilj@skopje.gov.mk

**Од Левица**

Драгана Велковска
Dragana.Velkovska@skopje.gov.mk

## ГРАДСКИ ИНФОРМАТОР

### ГРАД СКОПЈЕ

ГРАДОНАЧАЛНИК НА ГРАД СКОПЈЕ
Петре Шилегов
тел: 3297 204
gradonacalnik@skopje.gov.mk

СЕКРЕТАР НА ГРАД СКОПЈЕ
Викторија Аврамовска-Мадиќ
тел: 3297 281, 3297 214
Viktorija.Avramovska.Madic@skopje.gov.mk

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
Љубица Јанчева
тел: 3 297 207
Ljubica.Jancheva@skopje.gov.mk

СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА
тел: 3297 208, 3297 277
Одделение за утврдување и наплата на даноци, такси и други надоместоци
тел: 3297 297 , 3207 528
danoci@skopje.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПЛАНИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ
тел: 3297 225 / 3297 209
СЕКТОР ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА
тел: 3297 301 / 3297 302

ИНСПЕКТОРАТ НА ГРАД СКОПЈЕ
тел: 3297 231/3297 361 / 3297 350
Комунални редари 3297 540/3297 541
СЕКТОР ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ
тел: 3297 227 / 3297 272

СЕКТОР ЗА КОМУНАЛНИ РАБОТИ
тел: 3297 283 / 3297 389 / 3297 392

СЕКТОР ЗА СООБРАЌАЈ
тел: 3297 309 / 3297 310 / 3297 311

СЕКТОР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И СОРАБОТКА И ПОДДРШКА НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ФОНДАЦИИ
тел: 3297 235 / 3297 291

ТЕРИТОРИЈАЛНА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА НА ГРАД СКОПЈЕ тел: 193

### ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

ЈП „ГРАДСКИ ПАРКИНГ“
тел: 3215 566
-Пајак служба
тел: 2465 156

ЈП „УЛИЦИ И ПАТИШТА“
тел: 3162 317

ЈП „КОМУНАЛНА ХИГИЕНА“
тел: 3118 525
-Служба за третман на животни скитници
Тел: 8201 357 / 3216 644

ЈСП
тел: 3174 264 / 3174 260
- Диспечерски центар
тел: 3173 224

-Изгубено-најдено
тел: 3122 634

-ЈСП Турс
тел: 3060 350 / 3091 522

ЈП „ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО“
тел: 3070 112 / 3070 113
ЈП „ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА“
-Дежурен информативен центар
тел: 3073 010
-Пријава на дефекти 0800 22 555

ЈП „ДРИСЛА“
тел: 2722 500 / 2722 400

### ГРАДСКИ КУЛТУРНИ ИНСТИТУЦИИ

Библиотека „Браќа Миладиновци“
3162 544
Културно-информативен центар
3115 679
Дом на култура „Кочо Рацин“ 3163 739
Младински културен центар 3115 225
Музеј на град Скопје 3115 367
Конгресен центар „Александар Македонски“ (Универзална сала)
3245 615
Зоолошка градина 3220 578
Детски културен центар „Карпош“
3216 788
Градско кино „Милениум“ 3120 389




Посетете ја првата галерија на отворено во сутеренот на ГТЦ и уживајте во шаренилото на урбана и графити уметност. Отворањето на оваа галерија е дел од проектот „Градот убав“, а на ѕидовите на ГТЦ твореа 22 уметници.
Организатори се Град Скопје, Младинскиот културен центар и Градски трговски центар.
Проектот е дел и од програмата CreArt (Network of Cities for Artistic Creation).









